Бр.07-201/3 од 16.03.2011г.

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

# С Т А Т У Т
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална

самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 16.03. 2011 година го донесува следниот:

# С Т А Т У Т
## на Општината Кривогаштани

### И ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општината Кривогаштани (во понатамошниот текст општината) е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку преставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето.

Член 2

Општина Кривогаштани е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/2004; 12/2005; 98/2008).

Граѓаните на Република Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината, се жители на Општина Кривогаштани.

Подрачјето на општината ги опфаќа подрачјата на населените места: Кривогаштани (како центар на ЕЛС), Кореница, Годивле, Подвис, Славеј, Врбјани, Крушеани, Обршани, Бела Црква, Воѓани, Пашино Рувци и Боротино.

Член 3

Општината е правно лице.

Член 4

Седиштето на Општината е во населеното место Кривогаштани, на ул.. "Маршал Тито" бр.84, Република Македонија.

Член 5

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.

Член 6

Општината има грб и знаме.

Член 7

Општината има печат во тркалезна форма со пречник од 32 мм, во чија средина е грбот на Република Македонија, а околу него во концентрични кругови е испишан називот и седиштето на Општина Кривогаштани.

Член 8

Во општината се востановуваат општински признанија и награди.

Член 9

Општината може, со одлука донесена од страна на Советот на Општината, да се здружува во здруженија и фондации во согласност со закон.

Член 10

Општината соработува општините од Републиката, со градот Скопје, со единици на локална самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници, како и со меѓународни организации на локалните власти.

Член 11

Органите на Општината, како и телата на Советот и јавните служби се должни да ги информираат граѓаните за својата работа и плановите за развој како и да им овозможат пристап до информациите на начин уреден со закон и овај Статут.

Член 12

Со овај Статут на Општина Кривогаштани (во натамошниот текст Општината), во согласност со Закон се уредуваат:

-организацијата и работите на Општината;

-организацијата и работењето на комисиите на Општината;

-вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;

-начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;

-случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;

-начинот и постапката на доставување на претставки и предлози за работа на органите на Општината и постапување по нив;

-начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети, прибирање предлози од граѓаните и форуми на заедницата;

-начинот на објавување на прописите на Советот;начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;

-месна самоуправа;

-начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на

Општината;

-како и други прашања од значење на Општината.

Член 13

Определени прашања сврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Општината, поблиску се уредуваат со Деловник на Советот на Општината (во натамошниот текст Деловник).

Деловникот го донесува Советот на Општината (во натамошниот текст Советот), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

## ИИ НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 14

Општината самостојно, во рамките на Законот и овој Статут ги уредува и врши работи од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа или со друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзината надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 15

Општината е надлежна за вршење на следните работи :

1.Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежно земјиште.

2. Заштита на животната средина и природата, во смисла на превземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење.

3. Локален економски развој, во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развој на мали и средни препријатија и на претпримништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерството.

4. Комунални дејности, во смисла снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комунален и технолошки отпад, уредување и организирање на јавниот

локален автобуски превоз на патници, одржување на гробовите,гробиштата и давање на погребални услуги, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалн-ите патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сооообраќајот, изградба и одржување на улична собраќајна сиглаизација, изградба и одржување на јавен простор за паркирање, одстранување на непрописно паркирани возила, одстранување на хаварисани возила од јавните површини, изградба и одржување на пазари, чистење на оџаците, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизирани делови, определувања на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти.

5. Култура, во смисла на институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, потикнување на разновидни специфични форми на творештвото.

6. Спорт и рекреација, во смисла развој на масовен спорт и рекреативни активности организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на обејкти за спорт, како и подршка на спортски сојузи.

7.Социјална заштита и заштитата на децата, во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари,остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно социјални проблеми, со посебни потреби,засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст.

8.Образование, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.

9. Здравствена заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор над животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области опред елени со закон.

10. Спроведување на подготовки и превземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и последици предизвикани од нив.

11. Противпожарна заштита вршена од територијална противпожарна единица.

12. Надзор над вршењето на работите од надлежност на Општината.

13. Други работи определени со закон.

## ИИИ. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет на Општината

Член 16

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 11 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

### а) Надлежност на Советот

Член 17

Советот на Општината ги врши следните работи :

1. Донесува Статут на Општината.
2. Донесува Деловник за работа на Советот.
3. Донесува Програма за работа.
4. Донесува Буџет на Општината и Годишна Сметка на Општината.
5. Ја утврдува висината на стапката на даноците и висината на надоместоците и таксите.
6. Донесува Генерален Урбанистички план.
7. Донесува Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населено и вон населено место во општината.
8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште.
9. Донесува Програма за одржување на сообраќајната сигнализација.
10. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот.
11.Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и креацијата,социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со националната програма.
12.Донесува Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици.
13. Донесува Програма за јавно осветлување.
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи.
15. Донесува Програма за одржување на јавна чистота.

16.Донесува Програма за одржување и користење на паркови и др. јавни површини од локално значење.

17. Донесува Програма за одржување на гробиштата.

18. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја.

19. Донесува Одлука за јавна чистота

20.Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај.

21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта.

22. Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата.

23. Го уредува начинот на чистењето на оџаците.

24. Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење.

25.Определува имиња на улици,плоштади,мостови и др.инфраструктурни објекти од локално значење.

26.Ја утврдува организацијата,делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на предлог на Градоначалникот.

27. Основа Јавни служби и врши надзор над нивната работа.

28. Именува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа.

29. Усвојува Програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала.

30.Одлучува за давање на дозвола за вршење дејност од јавен интерес. од локално значење во согласност со закон.

31.Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби кои ги основала.

32. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината.

33. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на Општината во согласност со закон.

34. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината во согласност со закон.

35. Го разгледува и усвоува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот Правобранител.

36. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од обласа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќај.

37. Избира и разрешува претседател на Советот.

38. Формира постојани и повремени комисии.

39. Врши оделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на Општината.

40. Востановува општински признанија и награди.

41. Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на Општината.

42. Врши и други избори и именувања од своја надлежност.

43. Донесува други одлуки за работите од своја надлежност.

44. Врши и други работи.

### б) Конституирање

Член 18

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.

Ако Советот не се свика во рок од став 1 на овај член, членовите на Советот сами се свикуваат и под претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот во рок од 10 дена по истекот на рокот од став 1 на овај член.

Ако седницата не се одржи во рок од ставот 2 на овај член ќе се распишат нови избори за членови на Советот, на начин утврден со Закон.

Конституирањето на Советот, се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со закон И со давање И потпиешување на свечена изјава која гласи: "Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе го почитувам Уставот, законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија".

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисијата за верификација, која се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Совет.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот, кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата наредна седница на која што тие ќе присуствуваат.

Член 19

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловник.

### в) Права и должности на членовите на Советот

Член 20

Членовите на Советот имаат права и должности утврдени со закон и овај Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификација на мандатот.

Член 21

Членот на Советот има право и должност:

-да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење, како и од значење за граѓаните;

-да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;

-да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрацијата), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;

-да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги доверува на Советот, во присуство на советнички прашања И во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;

-да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или комисија;

-има и други права и должности утврдени со Статутот и другите прописи.

Член 22

Членот на Советот има право да присуствува и да учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

Член 23

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Совет и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Членот на Советот  кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Совет и комисии чиј член е, има право да побара од Советот, одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овај член, Советот одлучува без претрес.

Работодавецот е должен да го ослободи од професионална работа членот на Советот заради присуство на седниците на Советот или комисиите во кои е член.

**г) Претседател на Совет**

Член 24

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на

Совет.

Изборот на претседател на Совет може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Совет одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.од редот на членовите на со мандат од четири години.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

Член 25

Претседателот на Советот:

-ги свикува и раководи со седниците на Советот;

-се грижи за организацијата и работата на Советот;

-ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува до Градоначалникот заради објавување.

**д) Начин на работа**

Член 26

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш на 3 месеци.

Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на Градоначалникот или на барање од најмалку 1/4 од членовите на Советот, најдоцна 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку во рокот определен од став 2 на овај член, Претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Денот, часот и местото на одржување на седници на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се доставуваат најдоцна 7 дена пред денот на одржување на седницата.

Член 27

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Советот на Општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Гласањето на седниците на Советот е јавно освен ако Советот не одлучи за оделни прашања гласањето да е тајно.

Член 28

Советот работи на редовни седници, а по потреба може да одржува свечени и вонредни седници.

Седниците на Советот се јавни.

За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува

ако за тоа постојат оправдани причини, со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот.

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој статут.

Исклучување на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал; кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

На расправата на Буџетот на општината, годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 29

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

Член 30

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница, свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, на предлог на Градоначалникот или на барање на 1/3 од членовите на Советот.

Поканата за вонредната седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнување со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Совет.

Член 31

Свикувањето на седниците на Советот, утврдувањето на дневниот ред, текот на седницата, записниците, постапката за донесување на акти и други прашања сврзани со работата на Советот, поблиску се уредуваат со Деловникот.

## 2. Градоначалник

Член 32

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

Градоначалникот ги врши своите надлежности во рамките утврдени со закон и овој статут.

а) Надлежности на Градоначалникот

Член 33

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

-Градоначалникот ја претставува и застапува Општината;

-го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот и ги објавува во службено гласило на Општината;

-го обезбедува извршувањето на работите кои што со закон и се делегирани на Општината;

-иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Совеот;

-го предлага годишниот Буџет и годишната сметка на Буџетот на Општината.

-го извршува Буџетот на Општината.

-избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен оглас;

-решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица восогласност со закон;

-раководи со општинската администрација;

-донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;

-одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;

- врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Член 34

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на Седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Член 35

Градоначалникот по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување поодделни работи од негова надлежност.

Член 36

Градоначалникот обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на општината Градоначалникот е должен да превзема мерки и да го обезбедува користењето на сопственоста во согласност со закон.

Член 37

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на Општината.

Член 38

Градоначалникот со решение определува член на Совет кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овај член Градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на превземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овај член се обајвува во Службен гласник на Општина Кривогаштани.

За настапувањето на спреченоста или отсуството Градоначалникот го известува преседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

Член 39

Градоначалникот е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на прописот на Советот со решение да го запре неговото објавување доколку смета дека е во несогласност со Уставот и законите.

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до Претседателот на Советот на Општината.

Советот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот или не расправа во рокот од ставот 3 од овој член, Градоначалникот е должен да го објави прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставност и законитост на оспорениот пропис пред Уставниот суд на РМ.

За иницијативата Градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

## ИВ. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

### 1. Комисии на Советот

Член 40

За разгледување на прашања и утврдување на предлози од одредена област, Советот од својот состав формира постојани и повремени комисии.

Составот на комисиите соодветствува на пропорционалната

застапеност на политичките партии во Советот.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Составот и мандатот на повремените комисии ќе се определи со актот за нивно формирање.

Член 41

Советот ги формира следните постојани комисии:

-Комисија за верификација;

-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

-Комисија за финансии, буџет и локален економски развој;

-Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина;

-Комисијата за Статут и прописи;

-Комисија за општествени дејности;

-Комисија за јавни и комунални дејности;

-Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија;

-Комисија за месна самоуправа;

-Комисија за елементарни непогоди ;

-Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите;

-Комисија за склучување на бракови во Општина Кривогаштани.

Делокругот на комисиите од став 1 на овај член се определува со деловник на Советот.

Советот може да образува и други постојани и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање.

Член 42

Комисиите на Советот на Општината:

-расправаат за прашања од областа за која се формирани;

-даваат мислења и предлози до Советот;

-ги разгледуваат предлозите од Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани;

-предлага одлуки на Советот.

**2. Состав, избор и начин на работа на комисиите**

Член 43

Комисиите на Советот се составени од 5 члена, од кои 1 е претседател.

Член 44

Изборот на членови на комисиите на Советот се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, го дава

предлогот од став 1 на овај член, водејќи сметка за пропорционалната застапеност на политичките партии во комисиите, имајќи го во предвид вкупниот број на комисии во Советот.

Изборот на членови на комисијата се врши со мнозинство од присутните членови на Советот.

Членовите на комисијата на првата седница на комисијата, од својот состав избираат претседател со мнозинство од присутните членови на комисијата.

Член 45

Предлог за разрешување на претседател и членови на комисијата, комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

Член 46

Изборот заради промена на поодделен член на комисија се вршин а предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања при што не може да се наруши принципот на пропорционалната застапеност на политичките партии во комисиите.

Член 47

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

Член 48

Комисијата може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од членовите на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

Член 49

На седницата на Комисијата задолжително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот на материјалот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување како и други податоци што и се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

Член 50

На седницата на Комисијата може да присуствуваат и учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни, стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења

по прашања што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1 на овај член, ја доставува претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

## В. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет за заштита на потрошувачите

Член 51

Советот на Општината за разгледување на прашања и утврдување на предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него, може да формира Совет за заштита на потрошувачите.

Член 52

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 (седум) члена од кои 3 (три) члена се избираат од редот на правните лица, 4 (четири) члена од редот на физичките лица како корисници на услугите што ги даваат јавните служби.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите не може да се избираат од редот на членовите на Советот на Општината.

Одлука за формирање на Советот за заштита на потрошувачите донесува Советот на Општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Советот за заштита на потрошувачите од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот за заштита на потрошувачите, со јавно гласање.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години со можност повторно да бидат избрани.

Член 53

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците го свикува и со нив раководи претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите може да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот, претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

Член 54

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

-ја следи состојбата на давање на услуги од јавните служби;

-се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користењето на услугите од претпријатијата и услугите што вршат јавни услугите;

- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;

-организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

**2) Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

Член 55

Во Општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот (совет, одбор), заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот се состои од 5 членови.

Член 56

Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на партиципативно тело од областа на урбанизмот се избираат:

-од редот на членовите на Советот;

-по предлог на облиците на месна самоуправа;

-по предлог на здруженија на граѓани;

-здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот;

-општинската администрација.

Член 57

Партиципативно тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

Член 58

Партиципативно тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците го свикува и со нив раководи претседателот на партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативно тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

На седниците на Партиципативно тело од областа на урбанизмотможе да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот, претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

## ВИ. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 59

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација;

Општинската администрација се организира во одделенија;

Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на Градоначалникот.

Член 60

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработените, правата и должностите, системот на плати и надомстоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од став 1 на овај член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

За вработените во општинската администација кои вршат административно-технички и помошни работи сеприменуваат одредбите од Законот за работни односи

Член 61

При вработувањето во општинската администрација и јавните служби кои ги основала Општината ќе се води сметка за почитување на критериумот на стручност и компетентност.

Член 62

Обврски на општинската администрација се:

-ги подготвува актите на Советот и Градоначалникот;

-ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;

-врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;

-го води сметководството на општината;

-ја следи проблематиката во областите од надлежност на

општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;

-доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи и врз основа на закон;

-ракува со документи на општината и ги чува се до нивно уништување односно предавање во Државниот архив на Република Македонија;

-врши други работи што ќе и ги определи Советот и Градоначалникот.

Член 63

Заедничките административни тела за извршување на одделни надлежности ќе бидат основани или укинати врз основа на одлука донесена од мнозинство гласови од вкупниот број членови на секој од советите на општините;

Врз основа на одлуките од ставот 1 на овај член се склучува писмен договор во кој се утврдуваат: општините кои го основаат заедничкото административно тело; седиштето на заедничкото административно тело; видот, обемот и начинот на извршување на активностите; користењето на објектите и опремата; финансирањето; начинот на укинувањето и контролата на работењето на заедничкото административно тело.

Договорот од ставот 2 на овај член се објавува во "Службен весник на Република Македонија"

## ВИИ. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Општи акти

Член 64

Статутот е основен акт на општината со кој се уредуваат основните рашања во врска со надлежностите и организацијата на Општината и други прашања од значење за Општината.

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа како нацрт-Статут и предлог Статут.

Статутот на Општината го донесува Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

Член 65

Советот на Општината донесува Деловник на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки.

Член 66

Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапките на одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

**2. Поединечни акти**

Член 67

Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор и именувања.

Градоначалникот на општината донесува решенија за решавање на поединечни права, обврски и интереси на физичките и правните лица.

Прописите на Советот се објавуваат во службено гласило на Општината.

Службено гласило на Општината е: "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Градоначалникот на општината е должен во рок од 7 (дена) од денот на доставувањето на актите да ги објави во Службен Гласник на општината.

Член 68

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината", а по исклучок, со денот на донесувањето или објавувањето.

Прописите на Советот може да влезат во сила и во покус рок од 8 дена ако:

-причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што треба да се постигнат со неговото донесување се од итен и неодложен карактер;

-не создаваат материјални обврски на граѓаните и правните лица;

-прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата и спасувањето;

-тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

**ВИИИ. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**1. Информирање на граѓаните**

Член 69

Органите на Општината, комисиите на Советот на Општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината, ги информираат

граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

-прописите кои ги донесува Советот на Општината;

-начинот иусловите за остварување на нивните права;

-обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;

-плановите, проектите ипрограмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на Општината;

-услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;

-приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;

-јавните набавки;

-изборот на директори и именувањето на претставници во управните одбори на јавните претприја и установи;

-други информации кои произлегуваат од надлежност на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со Закон.

Член 70

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

-издавање Службен гласник на Општината;

-издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;

-објавување на публикации;

-информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;

-огласни табли (во простории на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);

-веб сајт;

-јавни трибини;

-средства за јавно информирање и

-на друг соодветен кој е неповолен за информирање на јавноста.

Информирањето на граѓаните се врши на службените јазици кои се користат во Општината.

### 2. Слободен пристап до информациите од јавен карактер

Член 71

Во Општината се обезбедува правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и Градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања

доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

Член 72

За информации со кои располагаат о до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се овластува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

Член 73

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и превзема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и администрацијата.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од Општината создава услови и превзема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на претпријатиет и установата.

Член 74

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободен пристап до информации се остварува со законски утврдениот рок:

-со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;

-со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

Член 75

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин утврден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

Член 76

Барателот на информацијата има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

Член 77

Советот на Општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во Општината.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на Општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## ИЏ. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНОУЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА

### 1. Граѓанска иницијатива

Член 78

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од своја надлежност.

Советот е должен во рок од 90 дена да расправа по иницијативата на граѓаните доколку истата е подржана во најмалку 10% од избирачите од општината.

Подршката од став 2 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

**2. Собир на граѓани**

Член 79

Собир на граѓани свикува Градоначалникот по своја иницијатива,на барање на Советот или на барање на најмалку 10% од избирачите на општината,односно на месната самоуправа на која се однесува определено прашање.

Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа.

Градоначалникот е должен во рок од 30 дена да свика Собир на граѓани на барање од
најмалку 10% од избирачите во општината или месната самоуправа за која се однесува определеното прашање.

Барањето за свикување на собир на граѓани со потписи на заинтересеирани граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓаните се објавува во локалните средства за инф-ормирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето,односно на истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓаните до денот на неговото одржување мора да изминат најмалку 5 дена.

Член 80

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓаните го води Градоначалникот или лице овластено од него.

За прашањата за кои се расправа на собирот на граѓани известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

Член 81

Заклучоците донесени на собирот на граѓани,органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и да ги земат во предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

**3. Референдум**

Член 82

Референдум може да распише Советот на Општината по своја иницијатива за прашања од негова надлежност и за други прашања од локално значење.

Советот е должен да распише референдум на барање на најмалку 20% од избирачите на општината.

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот органи кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните на општината.

Член 83

По барањето за распишување референдум Советот на Општината во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува Одлука за распишување на референдум.

Одлуката за распишување референдум содржи предмет на референдумот и денот на неговото одржување.

Член 84

Одлуката за распишување на референдум се објавува во Службено гласило и другите средства за објавување во општината.

Од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на референдумот до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена ниту повеќе од 60 дена.

Член 85

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Член 86

Комисијата за спроведување на референдумот :

- го определува времето на гласање
- врши технички подготовки за спроведување на референдумот
- ги определува гласачките места
- ги утврдува резултатите од гласањето
- се грижи за законито спроведување на референдумот.

Член 87

За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата на гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите ја спроведуваат правилноста и тајноста на референдумот.

Член 88

Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во

избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

Член 89

Прашањето, односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

Член 90

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 91

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со "ЗА" или "ПРОТИВ" предлогот.

Член 92

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ".

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи,граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот "ЗА" или "ПРОТИВ" од алтернативата за која гласа.

Член 93

По завршувањето на гласањето Одборот го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на рефрендумот.

Веднаш по составување на записникот, Одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот.

Член 94

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на применоит гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот ре-ферендум до Советот на општината.

Член 95

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 (шест) месеци од денот на одржувањето на референдумот.

### 4. Претставки и предлози

Член 96

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози што се однесуваат на работата на органите на Општината и администрацијата.

Член 97

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

Член 98

Подносителот не смее да трпи штетни последици порадиподнесувањето претставки или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

Член 99

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката, односно предлогот овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основаноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и превземање на потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавниот интерес.

Член 100

Градоначалникот е должен во што е можно пократок рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на општината, Градоначалниот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

### 5. Јавни трибини, анкети, предлози на граѓани и форуми на заедницата

Член 101

Органите на Општината, заради утврдување политика во определена

област, превземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на Општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овај член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се објавува соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветната форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавна трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

Член 102

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

-текст на документот или нацрт на одлука и друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;

-собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и

-изготвување на извештај.

Член 103

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Одлука донесена од органот што ја организирал.

Член 104

Градоначалникот и Советот на Општината, по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форми на јавно учество на сите граѓани во Општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување на решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите на Општината, во став 1 на овај член, може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да поддржат проекти во интерес на Општината.

Барањето од став 2 на овај член се поднесува до Градоначалникот на Општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на

Општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумот на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на Општината по предлог на Градоначалникот на Општината.

## Џ. СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 105

Сопственоста на Општината ја сочинуваат подвижни и неподвижни ствари, парични средства и права.

Сопственоста, општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање на граѓаните или со нивно учество на друг начин, од подароци, наследство, донации или по други основи.

Јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

Општината води грижа за законито и правилно користење на добрата во општа употреба.

Член 106

Вредноста на сопственоста на општината се проценува и искажува во годишната сметка.

Со сопственоста општината располага и стопанисува како добар домаќин, на начин утврден со Закон.

Член 107

Стварите во сопственост на општината може да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

Член 108

Општината може да ги продава стварите во сопственост на општината само по пат на јавно наддавање во согласност со закон, за што одлучува Советот на општината.

Подоцнежната цена на стварите од став 1 на овој член не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Финансиските средства добиени од продажбата на стварите во сопственост на општината, може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните ствари во сопственост на општината.

Член 109

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон, дотации од државата и други извори утврдени со закон.

Општината во рамките определени со закон, ја утврдува висината и

стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите од став 1 на овај член.

Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал во согласност со закон.

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

Член 110

Општината има свој буџет.

Прашањата што се однесуваат на буџетот на општината се утврдуваат со закон.

Извршувањето на буџетот на општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се утврдува со Одлука за извршување на буџетот на општината, донесена од страна на Советот на општината.

Член 111

Приходите и трошоците се утврдуваат со Буџетот на општината.

Буџетот на општината содри биланс на приходите и трошоците на буџетот, а се однесува на фискална година од 12 месеци, која почнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември секоја календарска година.

Член 112

Предлогот на буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување, не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на општината не може да го разгледува предлогот на буџетот на општината пред истекот на 20 дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

Член 113

За секоја промена на буџетот на општината, за дополнително усвоени трошоци пропратени со мерки што ќе ги зголемат предложните приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ, Одлука доставува Советот на општината.

Член 114

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на Буџетската година од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на Градоначалникот на општината.

Советот на општината со Одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на буџетската резерва.

Член 115

До колку буџетот на општината а наредната година не биде донесен

до 31 декември во тековната година ќе се постапи согласно законот за буџетите и се донесува Одлука за времено финансирање и тоа најдолго за 6 месеци.

Член 116

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка за извршување на буџетот на општината.

Годишната сметка на буџетот, Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31 март во тековната за претходната година.

## ЏИ. МЕСНА САМОУПРАВА НА ОПШТИНАТА

Член 117

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат во согласност со овој Статут.

Член 118

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

-во градот-урбани заедници;

-во другите населени места - месни заедници.

Член 119

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се граници на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

Член 120

Иницијатива за основање на облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Член 121

Иницијативата за основање содржи : подносител, опис на подрачјето за кое се бара обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потписи на заинтересираните граѓани.

Член 122

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Собир на граѓани од став 1 на овај член го свикува Градоначалникот

на Општината.

Член 123

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа, во согласност со овој Статут и Одуките за основање се грижат за:

-решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје.

-изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.)

-заштита на животната средина и природата.

-уредување и одржување на на гробиштата во селските населби

-покренување на иницијатива за уредување на просторот.

-организирање културни, спортски, забавни и други манифестации.

-други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијатива и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 124

Работите од членот 123 на овој Статут се финансираат од:

-средствата кои што општината им ги одстапи на облиците на месна самоуправа согласно на плановите и програмите за нивниот развој.

-средствата што граѓаните непосредно ги здружуваат

-средствата што ќе ги издвојуваат заинтересираните правни правни и физички лица.

-средства од надомест на услуги

-подароци и други средства.

Прибирањето и трошењето на средствата од став 1 на овај член се врши преку буџетот на Општината.

Член 125

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Член 126

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако Одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

Член 127

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од присутните граѓани на собирот.

Член 128

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблиску се уредува со Правилата за работа на обликот на месна самоуправа.

Член 129

За избрани членови на Советот се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Член 130

Советот од своите членови избира претседател кој го преставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Член 131

Градоначалникот на општината со Решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решението се определува органот и начинот за вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

Член 132

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската админиистрација.

Член 133

Општината воид евиденција на облиците на месна самоуправа основани на нејзиното подрачје.

## ЏИИ. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

Член 134

Во воена состојба органите на Општината:

-продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон;

-преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овај член преку:

-планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;

-формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и прописи засновани на закон;

-обучување за одбрана, односно вклучување во активностите за спасување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;

-преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на трајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;

-координација и соработка со другите општини.

## ЏИИИ. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

Член 135

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со одлука на Советот на Општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на Општината распишува Конкурс и образува комисија.

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 136

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлог на комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел од Статутот на Општината.

Член 137

Грбот на Општината може да се употребува на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на општината.

Советот на Општината може да одобри употреба на грбот на

општината на физички и правни лица ако оцени дека е во интерес на општината.

Член 138

Знамето на општината се истакнува на зградата на општината и на видни места во општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана општината.

Член 139

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## ЏИВ. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

Член 140

Советот и Градоначалникот на Општината може пред Уставниот суд на Република Македонија да поднесува иницијатива за оцена на уставноста и законитоста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на Министерствата и други органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите.

Член 141

Градоначалникот на општината има право судска заштита пред надлежните судови кога на општината и се поречува вршење на надлежностите утврдени со Уставот и законите, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија .

## ЏВ. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 142

Измени и дополнувања на Статутот на Општината можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот на општината, Градоначалникот на општината или најмалку 10 % избирачите на општината.

Член 143

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

## ЏВИ. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 144

Актите предвидени со овај Статут ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овај Статут.

Член 145

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Општината Кривогаштани бр.07-301/3 од 04.12.2003 година и бр.07-42/3 од 18.02.2005 година.

Член 146

Овај Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кривогаштани".

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Здравко Тренески